Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ЗА ПЕРИОДОТ ЈУЛИ - ДЕКЕМВРИ, 2020 ГОДИНА

Дел. бр. 57 - 309/1

Датум: 13. 1.2021 година

Место: Скопје, 2021 година (м.п.)

Сабина Синан
[име и презиме]
Раководител на Сектор-главен инспектор
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

[потпис]

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ЗА ПЕРИОДОТ ЈУЛИ - ДЕКЕМВРИ, 2020 ГОДИНА**

Дел. бр. 57 - /1

Датум: 14 . 1.2021 година

Место: Скопје, 2021 година (м.п.)

Сабина Синан
[име и презиме]

Раководител на Сектор-главен инспектор
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

[потпис]

**Резиме**

**Управување со ризици**

И во II-то полугодие од 2020 г., имајќи ги предвид заклучоците, препораките и мерките донесени од Владата на РСМ, а со цел превенција од ширење на болеста COVID-19, за што е прогласена и кризната состојба во државата, во Министерството за култура, вклучително и во Секторот за управен и инспекциски надзор, како организациона единица на МК работата беше организирана во смени, а дел од планираните надзори поради објективни и субјективни причини беа одложени. Оттука, кризната состојба предизвика суштински промени во состојбите со проценетите ризици и управување со истите. Инспекцискиот совет обезбеди продолжување на Проектот за техничката помош во изработката на методологиите за проценка на ризик при планирањето на инспекциски надзор, кој го финансира ЕБРД, а во кој ќе биде вклучен и Секторот за ушравен и инспекциски надзор на МК. Оттука, веднаш при изработката на Методологијата во текот на првата половина на 2021 г., резултатите од истата ќе бидат земени во предвид при подготвување на месечните планови за работа во 2021 година.

**Организација и раководење**

Работите на инспекцискиот надзор од надлежност на МК, се вршени од страна на вкупно 5 (пет) инспектори, но во извештајниот период, меѓудругото регистрирани се **2 (два) потврдени случаи на позитивен тест од COVID-19**, на еден инспектор и на еден административен службеник од Секторот, поради што на вработените им е одредено лекување и изолација во домашни услови, во времетраење од 20 дена.

**Инспекциски надзор**

Извршени се **вкупно 74 инспекциски надзор** (споредбено со 41 надзор во I-то полугодие), **од кои 20 редовни, 32 вонредни и 22 контролни надзори** (55 по З. за културата, 13 по З. за издавачката дејност, 3 по З. за музеите, 2 по З. за библиотеките и 1 по З. за филмската дејност, а за утврдените недостатоци/неправилности издадени се 33 решенија, 4 платни налози и поднесено е прекршочно Барање, со што во II-то полугодие нема **отстапувања во поглед на планираниот број на инспекциски надзори** (**вкупно планирани 68 надзори**).

**Обука на инспекторите и административните службеници**

Сите 5 (пет) инспектори имаа учествувано на вкупно три генерички on-line обуки.

**Буџет и финансирање**

Секторот, нема посебен буџет, туку расходите се намируваат во рамките на Буџетот на Министерството за култура (плати, трошоци за гориво, патарини).

**Меѓународна соработка**

Во II-то полугодие не е остварена соработка на билатерална или мултилатерална основа, а во насока на зголемување на транспарентноста во работењето, јавно се објавени дел од инспекциските акти (записници и решенија).

**Други активности на инспекциската служба**

Раководниот инспектор, од м. август 2020 г. со решение е определена и за **одговорно службено лице во МК за водење на предмети и вршење на работи за комуникација по предмети кои произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ**, а за што е извршено и записничко примопредавање на судските и извршните предмети (приближно 500).

**Заклучоци и препораки**

Имајќи ја предвид кризната состојба на територијата на РСМ прогласена во извештајниот период поради болеста COVID-19, општата оценка за оствареноста на зацртаните цели и планови на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК е задоволителна. Понатаму, реализацијата на месечните планови за работа во првото полугодие од 2021 г., повторно ќе зависи од состојбата со болеста COVID-19 и согласно со тоа ќе се почитуваат идните мерки и препораки, што ќе бидат донесени од Владата на РСМ и од Министерството за здравство.

**Управување со ризици**

И во II -то полугодие, државата и граѓаните на РСМ повторно беа соочени со големите предизвици и последици од здравствен, економски и социјален аспект, настанати од болеста COVID-19. Оттука, имајќи ги предвид заклучоците, меѓудругото почнувајќи од 16-та седница од 11.3.2020 г., односно задолженијата, препораките и мерките донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија, како и ПРОТОКОЛОТ бр. 31 за работа на библиотеки, музеи, галерии и изложбени простори и утврдените основни превентивни мерки за заштита и ПРОТОКОЛОТ бр. 33 за начинот и условите за организација на настани, со којшто се опфатени кината, театрите, балетските претстави, оперските претстави, филмските проекции, концертите, мултимедиските проекти, фестивалите и манифестациите од дејноста на културата,

а не се опфатени приватните веселби, како и протоколите, донесени од страна на одделни национални установи. а со цел превенција од ширење на болеста COVID-19, за што е прогласена и кризната состојба во државата, во Министерството за култура, вклучително и во Секторот за управен и инспекциски надзор работата беше организирана во смени, а дел од планираните инспекициски надзори беа одложени по различни основи. Така, дел од планираните инспекциски надзор во Скопје, Тетово, Охрид и другите градови, не беа реализирани имајќи предвид дека поголем дел од субјектите согласно со заклучоците на Владата на РСМ беа затворени или работеа со намалени капацитети или имаа вработени со потврдени позитивни тестови на COVID-19, но и поради неисправноста на службеното возило, коешто најпрво поради вонредната и кризната состојба, немаше можност да биде сервисирано во периодот од март до септември 2020 г., а потоа поради неуспешно завршената постапка за јавна набавка за избор на економски оператор за сервисирање на службени возила на МК во 2020 г. (забелешка: службеното возило на инспекторите од м. септември е во дефект).

Дел од субјектите на надзорот, особено национални и локални установи од областа на културата, но и други правни и физички лица претежно беа опфатени со мерките на Владата на РСМ (забелешка: ослободување од работа по различни основи – хронично болни, бремени жени, мајки со деца во градинки, работа во смени или времено затворање на субјекти, користење боледување поради самоизолација, ...).

Исто така, во извештајниот период евидентирани се **2 (два) потврдени случаи на позитивен тест од** COVID-19, на еден од инспекторите за култура (виш инспектор), како и на еден административен службеник од Секторот, поради што на вработените со решенијата, издадени од државен санитарен и здравствен инспектор им е одредено лекување и изолација во домашни услови, во времетраење од 20 дена, а за што уредно е известен и ИС. Но, исто така уште двајца вработени од Секторот (инспектори), беа во доброволна изолација, поради позитивен тест на COVID-19 на членови од нивното потесно семејство, поради што се користени денови од годишниот одмор од 2020 г., и е извршено соодветно тестирање. Поради горенаведеното, одреден временски период инспекторите за култура, превентивно не вршеа инспекциски надзори.

Со Дописот бр. 14-912/3 од 26.11.2020 г., на Инспекцискиот совет со којшто е дадена согласност по Годишниот план за работа за 2021 г., Секторот за управен и инспекциски надзор е известен дека **ИС обезбеди продолжување на Проектот за техничката помош во изработката на методологиите за проценка на ризик при планирањето на инспекциски надзор, кој го финансира ЕБРД (Европска банка за реконструкција и развој**), **а во кој ќе биде вклучен и Секторот за ушравен и инспекциски надзор на МК и при што е укажано од ИС дека веднаш при изработката на Методологијата во текот на првата половина на 2021 година, резултатите од истата треба да бидат земени во предвид при подготвување на месечните планови за работа во 2021 година, а последователно и при подготвување на Годишниот план за работа за 2022 година.**

Оттука, по добивањето на соодветната техничката помош во изработката на методологијата на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК за проценка на ризик при

планирањето на инспекциски надзор, со финансиска помош на ЕБРД (Европска банка за реконструкција и развој), врз основа на Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзори врз основа на проценката на ризик („Сл. весник на РСМ“ бр. 247/19), и користење на информацискиот систем на ИС во текот на 2021 г. согласно со член 32 став (1) од Законот за инспекциски надзор, ќе биде подготвена методологија за проценка на ризик за инспекциски надзори во областа на културата, што се во недлежност на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК.

Имено, според член 32 од Законот за инспекциски надзор предвидено е дека **проценката на ризик се прави во текот на подготвувањето на годишниот план за работа на инспекциска служба,** односно во конкретниот случај за 2021 г. со оглед на тоа што новиот Закон за инспекциски надзор започна со примена на 30. ноември, 2019 г., а веќе претходно во законски предвидениот рок согласно со член 15 став (1) од тогаш важечкиот Закон за инспекциски надзор („Сл. весник на РМ“ бр. 50/10, ... и 120/18), и Правилникот за формата и содржината на годишната програма за работа на инспекциските служби („Сл. весник на РМ“ 44/15), од министерот за култура е изготвен предлог на Годишната програма за работа за 2020 г. на Секторот за управен и инспекциски надзор бр. 57-9697/4 од 18.9.2019 г., за којашто со Допис бр. 14-750/3 од 25.9.2019 г., ИС го има известено МК дека е разгледана и дека по истата нема забелешки и дека дава позитивно мислење. Согласно со насоките на ИС од 6.12.2019 г., за постапување по новиот ЗИН, а **заради олеснување на изготвувањето на месечните планови за работа за 2020 г. согласно со новодонесениот Правилник за содржината и формата на месечниот план за работа на секој инспектор** („Сл. весник на РСМ“ 238/19), усвоената Годишна програма за работа за 2020 г. е ажурирана, односно усогласена со новодонесениот Правилник за содржината и формата на годишниот план за работа на инспекциска служба.

За 2020 година, анализа на проценката на ризик за непостапување по материјалните законски и подзаконски прописи од областа на културата од страна на субјектите на инспекцискиот надзор и штетните последици кои можат да произлезат од вршењето на приоритетна дејноста, беше заснована врз состојбата, утврдена од инспекциските надзори извршени во периодот од 2008 г., заклучно со третиот квартал од 2019 г. и преземените управно-надзорни мерки од инспекторите за култура, како и од другите инспекциски служби (преку соодветна размена на податоци и искуства), во сите дејности од областа на културата. Имено, во горенаведениот период утврдено е подобрување на состојбите кај одделни дејности (како издавачка, библиотечна и музејска дејност). Понатаму, поради неусогласените материјални закони од областа на културата, во делот на прекршочните одредби и кои според законската обврска требало да се извршат во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на новиот Закон за прекршоците („Сл. весник на РСМ“ бр. 96/19), како и поради *неусогласеноста со новиот ЗИН,* утврден е ризик во смисла на несоодветен надзор над примена и санкционирање согласно со материјалните закони. Исто така, анализата покажа дека ризик во непримeнувањето на законите од областа на културата во 2020 г., постои кај корисници на средствата од Буџетот на РСМ, како и кај дел од националните установи и тоа вооглавно поради недостиг на соодветен стручен кадар или поради недостиг на потребните

финансиски средства за доследна примена на законите и подзаконските акти, а во одредени случаи нецелосна или делумна реализација на финансираните проекти/програма и трошење над одобрените и преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК.

Оттука, за 2020 година беше проценето дека поради среден или висок степен на ризик има потреба за вршење зачестени редовни и вонредни инспекциски надзори од аспект на примена на Законот за културата кај одредени национални установи, со поголем прилив на средствата од Буџетот на РСМ, преку МК, но прогласената вонредна состојба на територијата на РСМ со цел превенција од ширење на болеста COVID-19, предизвика суштински **промени во состојбите со проценетите ризици**, при што Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во извештајниот период согласно со заклучоците донесени од Владата на РСМ има преземено соодветни мерки со цел надминување на предизвиците.

**Организација и раководење**

Работите на инспекцискиот надзор од надлежност на Министерството за култура на РСМ, ги вршат инспектори за култура при организационата единица – Сектор за управен и инспекциски надзор. Работата во Секторот е организирана во 2 одделенија (Одделение за инспекциски надзор и Одделение за управен надзор и контрола над наменското користење на буџетски средства), со 12 систематизирани работни места и вкупно 13 извршители, од кои моментално 5 (пет) работни места се пополнети со вкупно 6 (шест) извршители и тоа: раководител на Сектор – главен инспектор (дипл. правник), 2 виши инспектори (еден дипл. правник и еден дипл. економист), 1 советник – инспектор (дипл. економист), 1 соработник за обработка и евиденција на поднесоци-помошник инспектор (дипл. правник), и еден извршител - самостоен референт за техничка обработка на документација (со ССП).

Согласно со член 34 од новиот Закон за инспекциски надзор, предвидено е директорот, односно раководителот на инспекциската служба од член 26 од законот врз основа на годишниот план за работа на инспекциската служба, најдоцна до почетокот на месецот да донесе месечен план за работа на секој инспектор и истиот во рок од 10 дена од денот на донесувањето да го достави до Инспекцискиот совет за информирање, во електронска форма. Исто така, согласно со член 35 од Законот за инпекциски надзор, предвидено е извештајот за работа на инспекциската служба за претходните 6 (шест) месеци, да го донесува директорот, односно раководителот на инспекциската служба од член 26 од законот. Извештајот за работата на инспекциската служба, се доставува до Инспекцискиот совет за добивање на мислење.

Раководниот инспектор, во извештајниот период покрај вршење на инспекциски надзори има вршено и други работни задача и тоа; организирање, координирање и насочување на работата со Секторот; распоредување на задачите на извршителите и давање упатства за нивно спроведување, предлагање и подготвување месечен план за работа и грижа за негово реализирање, надзор над реализација на програмата, стручно обработување на прашањата од надзорен карактер во областа на културата, преписка со Инспекцискиот совет на РСМ, по потреба и по налог вршење преписка со ОЈО, Министерството за финансии, Народен правобранител на РСМ, Државната комисија за спрекување на корупцијата, судски органи и други органи на државната управа (за барања на податоци, мислења и појаснувања упатени до

СУИН на МК), мислења по законски и подзаконски прописи од областа на културата, произнесувања по новинарски прашања, претставки и друго.

Раководниот инспектор-главен инспектор, покрај вршење инспекциски надзори согласно со Решението бр. 44-7916/1 од 29.7.2020 г., на заменик – министерот за култура и Решението бр. 44-10269/1 од 7.10.2020 г., на министерката за култура, е определена и за одговорно службено лице во МК за водење на предмети и вршење на работи за одговорно службено лице за комуникација по предмети кои произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ за целата територија на РСМ. Така, на 17.11.2020 г. извршено е записничко примопредавање на **вкупно 257 предмети** за судски постапки, издадени нотарски налози и извршни решенија водени од поранешното одговорно лице во МК, од страна на членовите на Работната група за попишување и примопредавање на документација и предмети кои произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ**,** а дополнително записнички уште се предадени приближно околу 250 предмети, од страна на другите задолжени административни службеници во МК, исто така од надлежност на Државното правобранителство на РСМ.

При тоа, дел од работните задачи, како што се, пред се преписка со Инспекцискиот совет и други органи на државната управа, по можност е распоредувана на другите раководни инспектори-виши инспектори, како и на останатите инспектори за култура.

Во извештајниот период инспекциски надзори се вршени од страна на вкупно 5 (пет) инспектори, при што во последниот квартал од 2019 г., од страна на МК се преземени активности за унапредување на инспекторите со распишувањето на Интерен оглас бр 03/2019 од 18.12.2019 г., за унапредување на административни службеници во МК, за работните места: раководител на Одделение за инспекциски надзор-виш инспектор и раководител на Одделение за управен надзор и надзор над наменското користење на буџетски средства-виш инспектор. Врз основа на Одлука бр. 04-14549/1 од 26.12.2019 г., за избор на кандидат по Интерен оглас бр. 03/2019, двајца административни службеници од Секторот се унапредени и распоредени на горенаведенитеработни места, почнувајќи од 30.12.2019 година. Додека, соработникот **за** обработка на податоци во функција на надзор, **почнувајќи од 1.1.2020 г.,** со Решение бр. 04-14560/1 од 26.12.2019 г, е распореден на р.м. - соработник за обработка и евиденција на поднесоци-помошник инспектор во Одделението за инспекциски надзор-помошник-инспектор. Во извештајниот период, односно во второто полугодие од 2020 г. не се вршени други прераспоредувања или вработувања.

Во извештајниот период регистрирани се **2 (два) потврдени случаи на позитивен тест од** COVID-19, на еден од инспекторите за култура (виш инспектор), како и на еден административен службеник од Секторот, поради што на вработените со решенијата, издадени од државен санитарен и здравствен инспектор им е одредено лекување и изолација во домашни услови, во времетраење од 20 дена, а за што уредно е известен и Инспекцискиот совет. Но, исто така уште двајца вработени од Секторот (инспектори), беа во доброволна самоизолација, поради позитивен тест на COVID-19 на членови од нивното потесно семејство, поради што се користени денови од годишниот одмор од 2020 година.

Табела 1 - Преглед на бројот на инспектори кои врш*еле* инспекциски надзор *во второто полугодие*, по вид, возраст и звање

| Вид | **Инспектор за култура** [вид 1] | | | | | | Инспектор за [вид 2] | | | | | | Инспектор за [вид n] | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 1 | 1 | | 2 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 1 | | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор* | | 1 | | | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 1 | 2 | 2 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Табела 2 - Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во второто полугодие

| Вид | Инспектор за култура [вид 1] | | | Инспектор за [вид 2] | | | Инспектор за [вид n] | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | 1* | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

.

**Инспекциски надзор**

Според евиденцијата на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (**во натамошниот текст: МК**), **во текот на второто полугодие од 2020 г. биле извршени вкупно** 74 **инспекциски надзор** (споредбено со вкупно 41 инспекциски надзор во првото полугодие од 2020 г.), од кои 20 редовни, 32 вонредни и 22 контролни надзори (споредбено со 20 редовни, 17 вонредни и 4 контролни надзори во првото полугодие од 2020 г.), од аспект на примена на 5 (пет) закони од областа на културата, и тоа:

- **55 инспекциски надзори, извршени согласно со Законот за културата** (споредбено со вкупно 30 инспекциски надзор во првото полугодие од 2020 г.), од кои 6 редовни, 31 вонредни и 18 контролни)**,** од аспект на работењето и наменското користење на средствата обезбедени преку МК од Буџетот на Република Северна Македонија, за програми/проекти од национален интерес во културата за 2019 г., во национални установи од областа на културата, здруженија на граѓани, издавачки куќи и други правни лица, регистрирани за вршење соодветна дејност од областа на културата, како и кај физички лица, сите корисници на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, преку МК,

**- 13 инспекциски надзор, извршени согласно со Законот за издавачката дејност и подзаконските прописи** (споредбено со вкупно 8 инспекциски надзор во првото полугодие од 2020 г.), од кои 11 редовни и 2 вонредени,

**- 3** инспекциски надзори, извршени согласно со **Законот за музеите и подзаконските прописи** (споредбено со вкупно 2 инспекциски надзор во првото полугодие од 2020 г.), од кои два редовни и еден контролен,

**- 2** инспекциски надзори, извршени согласно со **Законот за библиотеките и подзаконските прописи**, од кои еден редовен и еден контролен, и

**- 1** вонреден инспекциски надзор, извршен согласно со **Законот за филмската дејност**,

За утврдените недостатоци, како и повреди на прописите од областа на културата, во текот на второто полугодие од 2020 г. од страна на инспекторите за култура издадени се **вкупно 33 решенија, од кои 6 решенија со наредба и 27 решенија со опомена за отстранување на утврдените недостатоци во определен рок** (споредбено со 12 издадените решенија во првото полугодие од 2020 г.), согласно со Законот за културата и новиот Закон за инспекциски надзор), од кои 28 по Законот за културата, 1 по Законот за издавачката дејност и 1 по Законот за библиотеките.

По однос на едно од издадените Решенија со наредба, за отстранување на недостатокот од аспект на примена на Законот за културата, по коешто од страна на субјектот на надзорот (физичко лице), на 16.6.2020 г., е поднесена Жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, од второстепената

Комисија е донесено РЕШЕНИЕ ИП 2 бр. 09-52 од 14.8.2020 г., со коешто Е ОДБИЕНА КАКО НЕОСНОВАНА Жалбата на подносителот.

Исто така, во второто полугодие од 2020 година, за утврдените недостатоци и неправилности сите од аспект на Законот за културата, издадени се вкупно 4 прекршочни платни налози, против одговорни лица/в.д. директори и директори и едно поранешно одговорно лице/в.д. директор на национални установи (од кои 3 се реализирани), и поднесено е едно Барање за поведување на прекршочна постапка (против поранешно одговорно лице/в.д. директор на национална установа), со што **во второто полугодие нема отстапувања во поглед на планираниот број на инспекциски надзори** (планирани вкупно 68 надзори, извршени 74), како и планираните неправилности (планирани вкупно 29, откриени 38), додека на годишното ниво има (оправдани) отстапувања, односно извршени се вкупно 25 помалку инспекциски надзори од вкупно планираните надзори (планирани 140, а извршени 115 надзори), а од планираните 85 неправилности, во 2020 г. откриени се 50 неправилности, а што произлегува од помалку извршени инспекциски надзори.

Приказ на реализацијата на годишниот и месечните планови за инспекциски надзор на инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во второто полугодие од 2020 година, односно статистички информации и податоци се прикажани во форма на табеларен преглед.

Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини

| Ред.бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1 | Велес | | | | 0 | |
| 2 | Градско | | | | 0 | |
| 3 | Демир Капија | | | | 0 | |
| 4 | Кавадарци | | | | 0 | |
| 5 | Лозово | | | | 0 | |
| 6 | Неготино | | | | 0 | |
| 7 | Росоман | | | | 0 | |
| 8 | Свети Николе | | | | 0 | |

| Ред.бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 9 | Чашка | | | | 0 | |
| | Источен регион | 1 | 0 | 2 | 3 | 1 |
| 10 | Берово | | | | 0 | |
| 11 | Виница | | | | 0 | |
| 12 | Делчево | | | 1 | 1 | |
| 13 | Зрновци | | | | 0 | |
| 14 | Карбинци | | | | 0 | |
| 15 | Кочани | 1 | | 1 | 2 | 1 |
| 16 | Македонска Каменица | | | | 0 | |
| 17 | Пехчево | | | | 0 | |
| 18 | Пробиштип | | | | 0 | |
| 19 | Чешиново | | | | 0 | |
| 20 | Штип | | | | 0 | |
| | Југозападен регион | 1 | 2 | 1 | 4 | 3 |
| 21 | Вевчани | | | | 0 | |
| 22 | Дебар | | | | 0 | |
| 23 | Дебарца | | | | 0 | |
| 24 | Кичево | | | | 0 | |
| 25 | Македонски Брод | | | | 0 | |
| 26 | Охрид | | 1 | 1 | 2 | 1 |
| 27 | Пласница | | | | 0 | |
| 28 | Струга | 1 | 1 | | 2 | 2 |

| Ред.бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 29 | Центар Жупа | | | | 0 | |
| | Југоисточен регион | 1 | 2 | 3 | 6 | 4 |
| 30 | Богданци | | | | 0 | |
| 31 | Босилово | | | | 0 | |
| 32 | Валандово | | 1 | 1 | 2 | 1 |
| 33 | Василево | | | | 0 | |
| 34 | Гевгелија | | | | 0 | |
| 35 | Дојран | | | | 0 | |
| 36 | Конче | | | | 0 | |
| 37 | Ново Село | | | | 0 | |
| 38 | Радовиш | | | | 0 | |
| 39 | Струмица | 1 | 1 | 2 | 4 | 3 |
| | Пелагониски регион | 0 | 2 | 1 | 3 | 1 |
| 40 | Битола | | 2 | 1 | 3 | 1 |
| 41 | Демир Хисар | | | | 0 | |
| 42 | Долнени | | | | 0 | |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | |
| 44 | Крушево | | | | 0 | |
| 45 | Могила | | | | 0 | |
| 46 | Новаци | | | | 0 | |
| 47 | Прилеп | | | | 0 | |
| 48 | Ресен | | | | 0 | |

| Ред.бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Полошки регион | 1 | 11 | 6 | 18 | 11 |
| 49 | Боговиње | | | | 0 | |
| 50 | Бревеница | | | | 0 | |
| 51 | Врапчиште | | | | 0 | |
| 52 | Гостивар | | 2 | | 2 | 3 |
| 53 | Желино | | | | 0 | |
| 54 | Јегуновце | | | | 0 | |
| 55 | Маврово и Ростуша | | | | 0 | |
| 56 | Теарце | | | | 0 | |
| 57 | Тетово | 1 | 9 | 6 | 16 | 9 |
| | Североисточен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 58 | Кратово | | | | 0 | |
| 59 | Крива Паланка | | | | 0 | |
| 60 | Куманово | | | | 0 | |
| 61 | Липково | | | | 0 | |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | 0 | |
| | Скопски регион | 16 | 15 | 9 | 40 | 13 |
| 64 | Аеродром | 2 | 2 | | 4 | |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | |
| 66 | Бутел | | | | 0 | |
| 67 | Гази Баба | | | | 0 | |

| Ред.бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 68 | Ѓорче Петров | | | | 0 | |
| 69 | Зелениково | | | | 0 | |
| 70 | Илинден | | | | 0 | |
| 71 | Карпош | | | 1 | 1 | |
| 72 | Кисела Вода | | | 1 | 1 | |
| 73 | Петровец | | | | 0 | |
| 74 | Сарај | 1 | 1 | | 2 | 1 |
| 75 | Сопиште | | 1 | | 1 | |
| 76 | Студеничани | | | | 0 | |
| 77 | Центар | 8 | 6 | 5 | 19 | 10 |
| 78 | Чаир | 5 | 5 | 2 | 12 | 6 |
| 79 | Чучер-Сандево | | | | 0 | |
| 80 | Шуто Оризари | | | | 0 | |
| ВКУПНО | | **20** | **32** | 22 | 74 | 38 |

**Обука на инспекторите и административните службеници**

Сите 5 (пет) инспектори имаа учествувано на вкупно три генерички on-line обуки со користење на новата платформа за електронско учење, од Годишната програма за генерички обуки за 2020 г. на Инспекцискиот совет (претходно одложена до 31.8.20220 г. со Уредбата со законска сила за применување на ЗИН), согласно со обврската од новиот Закон за инспекциски надзор и тоа на тема: „Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите“ (тема 1.1.), „Инспекциски надзор“ (тема 1,2.), „Етика, управување со време, комуникација и управување со стрес“ (тема 2.3.); „Постапување по претста-вки и предлози, прекршочни одредби“ (тема 1.4.), и „Канцелариско работење, архивско работење“ (тема 1.5.), а по што инспекторите се стекнале со сертификат за успешно завршена генеричка обука.

Во извештајниот период, поради вореднатa и кризната состојба предзивикана од болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), освен генерички обуки не се реализирани, односно поминати конкретно специјализирани обуки, имајќи предвид дека понудените и тоа исклучиво online обуки не беа од интерес за работата на инспекторите за култура (како на пр. за јавни набавки, канцелариско работење и други).

Генеричките обуки на инспекторите за култура, спроведени во текот на второто полугодие од 2020 година, се прикажани во следната табела:

| *Назив на обуката* | *Цел на обуката* | *Организатор* | *Обучувач* | *Место, година* | *Целна група* | *Бр. на учес-ници* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| „Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите“ | Примена на новиот ЗИН и под-законски акти | Инспекциски совет-Скопје | Online обука | *Скопје, декември 2020 г.* | *Инспек-тори* | *5* |
| „Канцела-риско работење, архивско работење“ | Примена на Законот за арх. работење и под-законски акти-уредби | Инспекциски совет-Скопје | Online обука | *Скопје, декември 2020 г.* | *Инспек-тори* | *3* |
| „Етика, управува-ње со време, комуника-ција и управува-ње со стрес“ | Унапредување на „меки“ вештини“ | Инспекциски совет-Скопје | Online обука | *Скопје, декември 2020 г.* | *Инспек-тори* | *4* |
| „Инспек-циски надзор“ | Примена на новиот ЗИН и под-законски акти | Инспекциски совет-Скопје | Online обука | *Скопје, декември 2020 г.* | *Инспек-тори* | *2* |
| „Постапување по претста-вки и предлози, прекр. одредби“ | Примена на Законот за постапу-вање по претста-вки и предлози | Инспекциски совет-Скопје | Online обука | *Скопје, декември 2020 г.* | *Инспек-тори* | *1* |

**Буџет и финансирање**

Имајќи предвид дека Секторот за управен и инспекциски надзор, е организациска единица во рамките на Министерството за култура, нема посебен буџет, туку расходите се намируваат во рамките на Буџетот на Министерството за култура (плати, трошоци за гориво, патарини и друго). Секторот за управен и инспекциски надзор не врши дополнителни активности, односно не остварува дополнителни парични средства.

**Меѓународна соработка**

Во извештајниот период не е остварена соработка на билатерална или мултилатерална основа. Усогласување, односно хармонизација на материјалните закони од областа на културата со законодавството на ЕУ **и придонес кон евро-интеграциските процеси**, се врши преку другите надлежни организациски едници на Министерството за култура.

**Други активности на инспекциската служба**

Поради вонредната и кризната состојба, предизвикана од болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), во извештајниот период, покрај извршување на надлежностите утврдени со законите од областа на културата, како и Законот за инспекциски надзор и актите за систематизација на работните места во МК, Секторот за управен и инспекциски надзор на МК, нема реализирано активности во насока на употреба и надградби на ИТ системите, иновации во работењето и воведување на нови процедури, но во насока на зголемување на транспарентноста во работењето и согласно со обврските од новиот Закон за инспекциски надзор уште во текот на м. ноември 2019 година, објавени се чек – листите за проверка по сите 8 (осум) закони од областа на културата на официјалната веб-страната на МК (скратени верзии), а на којашто се објавуваат и инспекциските акти, вклучително и во текот на второто полугодие од 2020 г. (записници и решенија). Во извештајниот период дадени се соодветни податоци со цел изработка на Стратешкиот план за работа на Министерството за култура, за периодот 2021-2023 година.

Воедно, во м. септември/октомври помошник-инспектор има учествувано во работата на Комисијата за одбирање и евидентирање (попис и опис) на архивски и документарен материјал на документација која се наоѓа во архивата на Министерството за култура формирана со Решение бр. 44-8970/1 од 17.9.2020 година. Исто така, тројца инспектори (помошник-инспектор, виш инспектор и советник-инспектор), со Решение бр. 44-10995/1 од 22.10.2020 г. се именувани за членови во Работната група за попишување и примопредавање на документација и предмети кои произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ (судски постапки, издадени нотарски налози и извршни решенија), кои се наоѓаа кај поранешно одговорно службено лице во МК. Имено, согласно со Решението бр. 44-7916/1 од 29.7.2020 г., донесено од заменик – министерот за култура и Решението бр. 44-10269/1 од 7.10.2020 г., донесено од министерката за култура, раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор - главен инспектор за култура е определена и за одговорно службено лице во МК за

водење на предмети и вршење на работи за одговорно службено лице за комуникација по предмети кои произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ, а што негативно влијаеше врз вкупниот број на планираните и реализираните инспекциски надзори во извештајниот период, особено надзорите со повисок коефициент на сложеност (Q 4), кај национални установи од областа на културата по Законот за културата и Законот за музеите.

Во извештајниот период Секторот за управен и инспекциски надзор, покрај учество во судски постапки, во својство на претставници на МК и подносители на прекршочните барања, има остварено соработка и преписка со други органи на државната управа (Државна комисија за спречување на корупцијата, МВР, Управа за финансиска полиција, ..), односно подготовка на мислења, достава на списи и податоци во судски постапки, водење инспекциска (статистичка) евиденција и друго.

**Заклучоци и препораки**

Имајќи ја предвид кризната состојба на територијата на РСМ прогласена во извештајниот период поради болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), општата оценка за оствареноста на зацртаните цели и планови на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК е задоволителна. Имено, и покрај кризната состојба во текот на второто полугодие од 2020 г. биле извршени **вкупно 74 инспекциски надзори** (споредбено со вкупно 41 инспекциски надзори во првото полугодие од 2020 г.), **од кои 20 редовни, 132 вонредни и 22 контролни надзори и тоа од аспект на примена на 5 (пет) закони од областа на културата (од кои 55** по **Законот за културата, 13 по Законот за издавачката дејност, 3 по Законот за музеите, 2 по Законот за библиотеките и 1 по Законот за филмската дејност), и** издадени се вкупно **33 решенија со наредба и/или опомена за отстранување на утврдените недостатоци во определен рок.** издадени се и вкупно 4 прекршочни платни налози, против одговорни лица/в.д. директори и директори и едно поранешно одговорно лице/в.д. директор на национални установи и поднесено е едно Барање за поведување на прекршочна постапка, со што **во второто полугодие нема отстапувања во поглед на планираниот број на инспекциски надзори** (планирани вкупно 68 надзори, извршени 74), како и планираните неправилности (планирани вкупно 29, откриени 38), додека на годишното ниво има (оправдани) отстапувања, односно извршени се вкупно 25 помалку инспекциски надзори од вкупно планираните надзори (планирани 140, а извршени 115 надзори), а од планираните 85 неправилности, во 2020 г. откриени се 50 неправилности, а што произлегува од помалку извршени инспекциски надзори. (напомена: надзорите кај одделни субјекти се планирани со повеќе месечни планови, односно се пренесувани за реализација за наредните месеци заради неможноста истите да бидат реализирани поради објективни или субјективни причини во текот на претходните месеци).

Воедно, може да се констатира дека поради прогласената вонредна и кризната состојба на територијата на РСМ во текот на 2020 година, поради болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), и донесените протоколи од страна на Министерството за здравство во извештајниот период, приоритет е даден на вршење вонредни инспекциски надзори (вк. извршени 49), во однос на извршените редовни инспекциски надзори (вк. 40), имајќи го предвид фактот дека во извештајниот период објективно не беа создадени услови да бидат извршени сите планирани

редовни инспекциски надзори и тоа особено кај националните установи (со исклучок на една национална установа во Тетово), и одделни други субјекти на надзорот (како на пр. во градот Дебар, поради ставање на градот под карантин, но и тешката состојба во другите градови како што се особено Куманово, Тетово и Струмица, потоа во МАНУ, како една од регистрираните КОВИД лаборатории во државата и други субјекти).

Оттука, имајќи ја предвид прогласената кризна состојба во текот на 2020 година, реализацијата на месечните планови за работа во првото полугодие од 2021 година, повторно ќе зависи од состојбата со болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), и согласно со тоа ќе се почитуваат идните задолженија, мерки и препораки, што ќе бидат донесени од страна на Владата на РСМ, Министерството за здравство- Комисија за заразни болести и од Инспекцискиот совет.